**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Бр. 03-306**

**16.05. 2018 година**

**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 15 став 1 и став 6 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-2011/1 од 19.04.2018 година, поради недоставување на податоци согласно со член 15 став 1 од Законот за медиуми, од страна на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, заради извршена повреда на член 15 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 4 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, не ја исполни во целост обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, односно до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не достави комплетен Образец СУЕ/1 – Податоци за сопственичката структура, уредниците и економското работење на радиодифузерот, односно недостасуваат следните делови од Образецот: „1.ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРОТ", „2.ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ НА РАДИОДИФУЗЕРОТ", „3.ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНИОТ УРЕДНИК И УРЕДНИЦИТЕ НА ПРОГРАМИ" и „4.6.СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ (според етничката припадност)", копија од завршната сметка за 2017 година и нотарска заверена изјава од одговорното лице во радиодифузерот дека податоците во образецот СУЕ/1 се точни.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-2011/1 од 19.04.2018 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за стратешко планирање и авторски права, на 19 април 2018 година, изврши редовен административен надзор кај субјектот на надзорот: Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, при што констатираше прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми, односно дека Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, не ја исполни во целост обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, односно до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не достави комплетен Образец СУЕ/1 – Податоци за сопственичката структура, уредниците и економското работење на радиодифузерот, односно недостасуваат следните делови од Образецот: „1.ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРОТ“, „2.ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ НА РАДИОДИФУЗЕРОТ“, „3.ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНИОТ УРЕДНИК И УРЕДНИЦИТЕ НА ПРОГРАМИ“ и „4.6.СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ (според етничката припадност)“, копија од завршната сметка за 2017 година и нотарска заверена изјава од одговорното лице во радиодифузерот дека податоците во образецот СУЕ/1 се точни.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-2011/1 од 19.04.2018 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, а врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 15 став 1 и став 6 и член 29 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-2011/1 од 19.04.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение со кое се опоменува Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, и му наложува во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
1) Писмен извештај за извршен административен надзор, бр.03-2011/1 од 19.04.2018 година.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

| Примено: | 19.04.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2011 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево

3. **Датум на извршување на надзорот:** 19 април 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да и достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година.

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево не ја исполни во целост обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми.

7. **Опис на прекршувањето:** Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево до Агенцијата не достави:

- комплетен Образец СУЕ/1 - Податоци за сопственичката структура, уредниците и економското работење на радиодифузерот, односно недостасуваат следните делови од Образецот: „1.ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРОТ", „2.ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ НА РАДИОДИФУЗЕРОТ", „3.ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНИОТ УРЕДНИК И УРЕДНИЦИТЕ НА ПРОГРАМИ" и „4.6.СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ (според етничката припадност)".

- копија од завршната сметка за 2017 година и
- нотарски заверена изјава од одговорното лице во радиодифузерот дека податоците во образецот СУЕ/1 се точни.

8. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а согласно член 15 став 6 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево и согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година), да му даде дополнителен рок од 45 дена од денот на приемот на решението, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја изврши обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми, и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***